**Министерството за економија како корисник на проектот „Корпоративна општествена одговорност и бизнис ангели - движечка сила за приватниот сектор“, финансиран од Европската Унија и спроведен од консултантската куќа Планет**

**објавува**

# ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, на кои ќе им се обебедуваат консултатски услуги и обуки за формирање на мрежи на бизнис ангели

I.

Предмет на овој Јавен повик е обезбедување на обуки и консултантски услуги на организации, кои имаат за цел да формираат мрежи на бизнис ангели во насока на подобрување на старт-ап еко-системот во Република Северна Македонија.

II.

На јавниот повик можат да се пријават организации кои ги исполнуваат следните услови:

- Да се формирани за цели поврзани со развојот, поддршката и унапредувањето на претприемништвото и МСП;
- Да имаат минимум 3 години искуство во реализација на проекти поврзани со услуги на малите и средните претпријатија;
- Да имаат минимум 2 (двајца) вработени.

III

Потребни документи за пријавување:

- Образец „Пријава – Бизнис ангели 2023“ (може да се превземе од веб страницата www.economy.gov.mk);
- Статут на здружението или фондацијата;
- Тековна состојба од Централен регистар не постара од 6 (шест) месеци;
- Уверение од Управата за јавни приходи за платени даноци и придонеси не постаро од 6 (шест) месеци;
- Листа на моментално вработени лица од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија не постара од 6 (шест) месеци;
- Биографија на лицата кои се вработени кај здружението или фодацијата;
- Рефертна листа на реализирани проекти и /или клиенти;
- Референци од спроведување на обуки кај клиенти.

IV.

Критериуми за селекција:

1. Референтна листа на релизирани проекти и обуки а кои се поврзани со целта на мерката 40 бода;
2. Работна биографија на вработените лица 30 бода,
3. Референци од реализирани услуги кај клиенти 20 бода,
4. Години на постоење на организацијата 10 бода.

V

Начин на доставување на барањата:

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува електронки на следната емаил адреса: sme@economy.gov.mk, најдоцна до **25 октомври 2023 година**, со назнака за јавен повик за избор на здруженија и фондации за обебедување на консултатски услуги и обуки за формирање на мрежи на бизнис ангели.

Пријавите кои ќе пристигнат после **25 октомври 2023 година** нема да бидет предмет на разгледување.

Пријавите ќе бидат разгледани од страна на проектниот тим кој го реализира проектот.

Согласно програмските активности на проектот предвидено е да се изберат 4 (четири) организации.

Избраните организации согласно овој повик ќе ги добијат следните услуги:

- Техничка поддршка во дефинирање на целите и деловните услуги на мрежите на бизнис ангели;
- Техничка поддршка во структурирањето на функционирањето на мрежите на бизнис ангели;
- Консултатски улуги и обуки за евалуација на деловни идеи и планови;
- Консултантски услуги и обуки на потенцијалните бизнис ангели за инвестирање во нови деловни идеи;
- Консултантски улуги и обуки на потенцијалните претприемачи-членови на мрежите на бизнис ангели за презентирање на нови деловни идеи.

Услугите ќе ги реализираат консултатни ангажираи од страна на консултатската куќа Планет на начин и динамика која ќе се утврдува по извршената селекција од овој повик.

Тел 02/3093-431